IURIDICA PRIMA

Institute for Legal – Economic Research and Education

# International Scientific Conference
# OHRID SCHOOL OF LAW
# 2017

## *Effective Protection of the Human Rights and Liberties: Reality or Ideal*

6

# IURIDICA PRIMA

Institute for Legal – Economic Research and Education

3-rd International Scientific Conference
12-14 May 2017 Ohrid

**OHRID SCHOOL OF LAW**
**2017**

*Effective Protection of the Human Rights*
*and Liberties: Reality or Ideal*

# 6

Институт за правно-економски истражувања и едукација

**ЈУРИДИКА ПРИМА**

*Главен и одговорен уредник:* д-р Ангел Ристов

*Меѓународен уредувачки одбор:*

1. Д-р д-р Владимир Петров, Правен факултет „Нов Бугарски Универзитет“ Софија, Правен факултет Универзитет „Св. Св. Кирил и Методиј“ Велико Трново, Република Бугарија;
2. Д-р Михаил Малчев, Правен факултет, Универзитет„Св. Климент Охридски“ Софија, Република Бугарија;
3. Д-р Дамјан Можина, Правен факултет, Универзитет во Љубљана, Република Словенија;
4. Д-р Илија Вукчевиќ, Правен факултет, Универзитет Доња Горица, Подгорица, Република Црна Гора;
5. Д-р Драгиња Вуксановиќ, Правен факултет, Универзитет во Подгорица, Република Црна Гора;
6. Д-р Ненад Тешиќ, Правен факултет Универзитет во Белград, Република Србија;
7. Д-р Новак Крстиќ, Правен факултет Универзитет во Ниш, Република Србија;
8. Д-р Весна Симовиќ Звицер, Правен факултет, Универзитет во Подгорица, Република Цра Гора;
9. Д-р Марко Беванда, Правен факултет Универзитет Мостар, Република Босна и Херцеговина;
10. Д-р Раденко Јотановиќ, Правен факултет Универзитет во Бања Лука, Република Македонија, Република Српска, Босна и Херцеговина;
11. Д-р Сања Гонцета, Колеџ на применети науки Лавослав Ружички, Република Хрватска;
12. Д-р Лидија Шимуновиќ, Правен факултет, Универзитет во Осијек, Република Хрватска;
13. Д-р Лазар Јовевски, Правен факултет „Јустинијан Први“ Универзитет „Св.Кирил Методиј“ Скопје, Република Македонија;
14. М-р Илија Манасиев, Правен факултет„Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Република Македонија;
15. М-р Душан Босиљанов, Правен факултет„Јустинијан Први“ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Република Македонија.

Institute for Legal – Economic Research and Education
**IURIDICA PRIMA**

*Editor –in-chief:* Angel Ristov, PhD
*International Editorial Board:*

1. PhD, Vladimir Petrov, Faculty of Law “New Bulgarian University” Sofia, Faculty of Law University “Ss. Ss. Cyril and Methodius” Veliko Trnova, Republic of Bulgaria;
2. Phd, Mihail Malchev, Faculty of Law, University “St. Kliment Ohridski” Sofia, Republic of Bulgaria;
3. PhD, Damjan Možina, Faculty of Law, University in Ljubljana, Republic of Slovenia;
4. PhD, Draginja Vuksanović, Faculty of Law, University in Podgorica, Republic of Monte Negro;
5. PhD, Ilija Vukčević, Faculty of Law, University, Donja Gorica, Podgorica, Republic of Monte Negro;
6. PhD, Nenad Tešić, Faculty of Law, University in Belgrade, Republic of Serbia;
7. PhD, Novak Krstić, Faculty of Law, University in Nis, Republic of Serbia;
8. PhD, Vesna Simovic Zvicer, Faculty of Law, University in Podgorica, Republic of Monte Negro;
9. PhD, Marko Bevanda, Faculty of Law, University in Mostar, Republic of Bosnia and Hercegovina;
10. PhD, Radenko Jotanović, Faculty of Law, University in Banja Luka, Republic of Srpska, Bosnia and Hercegovina;
11. PhD, Sanja Gongeta, Republic of Croatia, College of Applied Sciences Lavoslav Ružički in Vukovar, Republic of Croatia;
12. PhD, Lidija Šimunović, Faculty of Law, University in Osijek, Republic of Croatia;
13. PhD, Lazar Jovevski, Faculty of Law “Iustinianus Primus” University “Ss. Cyril and Methodius” Skopje, Republic of Macedonia;
14. LLM, Ilija Manasiev, Faculty of Law “Iustinianus Primus” University “Ss. Cyril and Methodius” Skopje, Republic of Macedonia;
15. LLM, Dushan Bosiljanov, Faculty of Law “Iustinianus Primus” University “Ss. Cyril and Methodius” Skopje, Republic of Macedonia.

**СОДРЖИНА**


**ПОСЛЕДЕН ПОЗДРАВ ЗА ПРОФЕСОР ВЛАДИМИР ПЕТРОВ…….13**

6.1. Д-р Ангел Ристов
**ЗА ПОТРЕБАТА ОД УРЕДУВАЊЕ НА НОТАРСКИОТ ТЕСТАМЕНТ ВО МАКЕДОНСКОТО НАСЛЕДНО ПРАВО – DE LEGE FERENDA……………………………………………27**

6.2 Др Новак Крстић
**АКТУЕЛНИ ТРЕНДОВИ У РЕГУЛИСАЊУ НУЖНОГ НАСЛЕЂИВАЊА У УПОРЕДНОМ ПРАВУ – СА ПОСЕБНИМ ОСВРТОМ НА ПРАВЦЕ ЊЕГОВОГ РЕГУЛИСАЊА У ПРАВИМА ЗЕМАЉА БИВШЕ СФРЈ…………………………………………………..…43**

6.3. Д-р Ристо Илиоски
**СПЕЦИФИЧНОСТИ И ДИЛЕМИ ВО ОДНОС НА ИСКЛУЧУВАЊЕТО НА НУЖНИТЕ НАСЛЕДНИЦИ………………..63**

6.4.Dr Velibor Korać
**DOPRINOS NOTARA SIGURNOSTI PRAVNOG PROMETA…………81**

6.5.М-р Марјан Коцевски
**НОТАРСКИ ПЛАТЕН НАЛОГ ……………………………………...93**

6.6. PhD Dimitar Stoyanov
**THE CONTRACTUAL PROHIBITION OF ASSIGNEMENT – A COMPARATIVE OVIERVIEW OF THE LEGAL PROTECTION OF THE ASSIGNEE……………………………………………………………107**

6.7.Dr Žarko Dimitrijević
**SNABDEVANJE ELEKTRIČNOM ENERGIJOM: DELATNOST SRODNA KOMUNALNIM ILI DRUGIM DELATNOSTIMA…………127**

6.8..Д-р Јелена Трајковска-Христовска
**ДЕЈСТВО НА ОДЛУКИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД НА РМ………...141**

6.9. Д-р Тони Ѓеоргиев
М-р Гоце Стоиловски
**ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НИЗ ПРИЗМАТА НА СЛЕДЕЊЕТО НА КОМУНИКАЦИИТЕ……………………………………………....151**

6.10.Д-р Зоран Јовановски
М-р Тамара Адамова
**ЕФЕКТИВНА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ: РЕАЛНОСТ ИЛИ „ПУСТА ЖЕЛБА“ ……………………………………159**

6.11 Д-р Милица Шутова
**РЕЛЕВАНТНАТА ЈАВНОСТ И СТЕПЕНОТ НА НЕЈЗНИНОТО ВЛИЈАНИЕ ПРИ УТВРДУВАЊЕ НА ПОЗНАТОСТ НА ТРГОВСКА МАРКА………………………………………………………………....167**

6.12.LLM Filip Vucen
**INTERNATIONAL VS. NATIONAL FRAMEWORK OF GEOGRAPHICAL INDICATIONS OF ORIGIN ……………………..…179**

6.13. Aleksandra Vasić
**UGOVOR O LICENCI PATENTA IZMEĐU PRAVA INTELEKTUALNE SVOJINE I PRAVA KONKURENCIJE…….…..…195**

6.14 Dr. Marko Dimitrijević
**IMPLICATION OF INTERNATIONAL MONETARY LAW RELATIONS ON THE PROTECTION OF HUMAN RIGHTS………...203**

6.15.Д-р Елена Нешовска Ќосева
**ЕФИКАСНОСТ НА ЗАШТИТАТА НА ПРАВАТА НА ДАНОЧНИТЕ ОБВРЗНИЦИ ВО РМ И ИСКУСТВА ОД КОМПАРАТИВНОТО ДАНОЧНО ПРАВО ………………………215**

6.16. Д-р Катерина Шапкова Коцевска
**ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА НА ПРЕСУДИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА РМ…………..225**

6.17. Марија Драгићевић
**РЕГУЛАТОРНИ И ФАКТИЧКИ НЕДОСТАЦИ МЕХАНИЗМА ЗАШТИТЕ УПУЋЕНИХ РАДНИКА У ПРАВУ ЕУ…………………235**

6.18. М-р Илија Манасиев
**ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ И ПРАВА ПОМЕЃУ ВРЕДНОСТ И ПОТРЕБА…………………………..…..255**

6.19. Д-р Коле Павлов **ПРАВНИ ПРОБЛЕМИ И НЕДОСЛЕДНОСТИ ВО УПРАВУВАЊЕТО И ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СЕКТОРОТ ВОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА…………………………………..……265**

6.20. Д-р Зоран Китканј
Д-р Ана Фрицханд
**ДИСФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО И РАЗВОДОТ: ЕФЕКИ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ДЕЦАТА И АДОЛЕСЦЕНТИТЕ …….275**

Д-р Зоран Киткањ
Д-р Ана Фрицханд

# ДИСФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО И РАЗВОДОТ: ЕФЕКИ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ДЕЦАТА И АДОЛЕСЦЕНТИТЕ

УДК: 347.627.2 (497.7)
Original research paper

***Апстракт:*** *Во овој труд се разгледуваат карактеристиките на семејството како примарен агенс на социјализација и прва надворешна реалност за поединецот. Притоа, посебен акцент е ставен на дисфункционалните семејства и на негативните ефекти од живеењето и растењето во вакви семејства. Во исто време, во трудот се разгледува и разводот од аспект на појавностите и последиците, како и неговото влијание врз развојот на децата и адолесцентите. Познато е дека зголемувањето на стапката на разводи е глобален тренд и дека помалку или повеќе ги засега речиси сите општества. Иако разводот е стресен настан за сите членови на семејството, кога се во прашање децата емпиријата и праксата покажуваат дека доколку родителите успеат конструктивно да го изменаџираат стресот кој го следи разводот, голем број деца не развиваат негативни симптоми од разводот. Дисфункционалноста на семејството, лошите и несоодветни економски услови, присуството на семејно насилство, запоставувањето на децата и незадоволувањето на нивните базични потреби, присуството на психички растројства кај едниот или двата родители, како и многу други ризик фактори го попречуваат, па дури и го оневозможуваат оптималниот развој на децата и адолесцентите. Резултат од ова неретко се (авто)деструктивни однесувања кои можат да доведат до престапничко однесување и имаат сериозни последици по животот и безбедноста на самиот поединец и на останатите луѓе од неговата непосредна и подалечна средина.*

***Клучни зборови****: дисфункционално семејство, развод, развој на деца и адолесценти*

# Вовед

Семејството е примарен агенс на социјализација и е првата надворешна реалност за поединецот. Тоа може да се разбере како социјална институција чија функција е репродукција на општеството и унапредување на психосоцијалниот развој во текот на животот (Gecas, 1990; Hess, 1995; според Kaprara и Červone, 2003). Стапувањето во брак, пак, е една од трите основни развојни задачи (т.н. кариери) во периодот на рана зрелост. При правењето избор на брачен партнер најчесто се следат неколку критериуми, кои во психологијата се познати како близина, привлечност, слично социјално потекло, постоење слични ставови и вредности, комплементарност и подготвеност за брак. Доколку еден или повеќе критериуми не се исполнети, бракот или нема да се склучи или ако се склучи, може да има нарушена хармонија и функционалност (зависно од тоа на кој или на кои критериуми едниот или двајцата партнери им даваат приоритет). Сепак, денес стапувањето во брак не е единствениот начин да се живее со партнер во долга и трајна врска. Многу млади луѓе не се решаваат да стапат во брак и избираат да живеат во некоја од алтернативните форми, на пример да кохабитираат.

Бракот како институција опстојува низ вековите, но во современото почнува да се редефинира, реструктурира и на тој начин да добива ново значење. Ова е посебно карактеристично за индивидуалистичките култури каде во центарот е поединецот и неговата субјективна добросостојба. Ако порано браковите почесто се склучувале како резултат на рационална проценка на повозрасните членови на семејствата на младенците (т.е. бракови по договор), па љубовта доаѓала подоцна, денес за современите општества е карактеристично тоа што, кога се работи за причините за стапување во брак, како прва и најважна се наведува љубовта кон партнерот/партнерката – поточно, денес љубовта најчесто е основен предуслов за стапување во брак, а не негова последица. Па сепак, колку и ова да звучи бајковито, токму љубовта т.е. нејзиното губење или престанок, може да биде и една од главните причини за развод. Трендовите кои ги бележат речиси сите светски статистики укажуваат на тоа дека бројот на разводи е во постојан пораст, што го прави разводот и последиците што тој ги има врз развојот на децата и адолесцентите, важна тема со која се занимаваат повеќе науки - пред сè правните науки и психологијата.

# Семејството како примарен агенс на социјализација

Семејството има неколку функции кои ги извршува на тој начин што ги пренесува општествените вредности и норми и го поддржува развојот на идните генерации. Според тоа, постојат две основни, меѓусебно поврзани функции на семејството – социјална контрола и индивидуална промоција. Членовите на семејството разменуваат обврски и ограничувања во личната слобода за поддршката и грижата што ја добиваат од останатите членови. Семејната поддршка, од своја страна, придонесува за постигнувањата и на поединците и на општеството во целина. Овие односи на поддршка се засноваат не само врз емоционални врски, туку и врз вредности и норми кои се пренесуваат од една на друга генерација. Врските меѓу генерациите, особено реципрочните врски на помладите и повозрасните членови на семејството, го разликуваат од другите форми на општествени институции. Секое семејство е единствен систем кој им дава единствено опкружување на своите членови. Поради тоа што семејствата секогаш функционираат во рамки на општествено - културните граници, одредени семејни структури се почести во рамки на дадено општество. Доминантната семејна структура на некое општество неизбежно ги одредува начините на кои тие конкретни семејства го оформуваат развојот на поединецот (Kaprara и Červone, 2003).

Психолошката литература и емпиријата се согласни дека условите кои постојат во семејството и квалитетот на односите меѓу неговите членови се исклучително важни за оптималниот развој на поединецот. Во таа насока, поединците кои потекнуваат од семејства во кои постои меѓусебна доверба, почитување, љубов и разбирање манифестираат генерално попозитивен став кон другите луѓе, имаат развиено чувство на независност и сигурност во себе, врамнотежени се итн. За разлика од нив, оние кои потекнуваат од семејства во кои конфликтите се секојдневна појава или во кои постои отфрлање и незаинтересиран однос од страна на родителите, манифестираат негативна слика за себе, ниска самодоверба и ниско себепочитување, а неретко и агресивно се однесуваат.

Односот меѓу родителите се издвојува како важен елемент кој влијае врз процесот на социјализација. Усогласените односи придонесуваат за правилен развој на детето, додека неусогласените односи предизвикуваат конфликти и во самото дете, бидејќи последиците од таквиот неусогласен однос тоа ги доживува како загрозување на основите потреби за сигурност и љубов. Ова е еден од ризичните фактори за јавување на асоцијално и антисоцијално однесување. На него се надоврзуваат и дисфунционалноста на семејството, вработеност односно невработеност на родителите, нискиот социоекономски статус на семејството и слично. Важноста и влијанието на семејството врз развојот на поединецот е видливо не само во детството, туку и за време на

адолесценцијата. Ова го покажуваат податоците од многу истражувања (на пр. Шурбановска, 2009).

Во периодот на адолесценција, однесувањето на родителите се преиспитува и критикува, а нивната дотогашна слика на идоли се деидеализира, па дури и обезвреднува. Оттука, кај родителите е присутна загриженост со какви модели децата ќе дојдат во контакт, бидејќи, како што посочува Бандура (Bandura, 1991), не можат постојано да бидат присутни за да го насочуваат нивното однесување. Децата кои се изложени на возрасни и врснички модели кои даваат пример на конфликтни стандарди, усвојуваат различни стандарди на однесување. Во целиот тој процес врсниците можат да извршат силно влијание, на пример, преку прифаќање на одредено прекршочно однесување како морално правилно. Слични влијанија имаат медиумите преку вредностите кои ги пренесуваат и моделираат (Bandura, 1991).

Меѓу сите промени што се случуваат во светот ниту една не е поважна од оние што се случуваат во рамки на семејството (Гиденс, 2002, 2003; Kaprara & Ćervone, 2003; Karraker, 2008). Веќе подолго време е присутна глобална револуција во начинот на кој луѓето, особено младите размислуваат за себе и начинот на кој воспоставуваат врски и односи со другите. Гиденс (2002) констатира дека традиционалното семејство во многу држави е одамна само мит и наведува дека идејата за враќање кон него е бесперспективна. Историските промени, првенствено во западните општества се однесуваат на исчезнување на мултигенерациското семејство и јавување на модерно, нуклеарно семејство. Во последно време се зголемува бројот на семејства со еден родител, како и на останатите алтернативни форми на семејство. Големи промени се забележани и во однос на рамнотежата во моќта меѓу мажот и жената во семејството, во зголемување на предизвиците на родителскиот авторитет, во повисоки стапки на развод, во поголем процент на вработеност на мајките итн. (Golombok, & Fivush, 1994; според Kaprara и Červone, 2003).

Сето ова води кон менување на семејната динамика, што влијае врз социјализацијата и развојот на децата и адолесцентите. Ова од причина што семејството е нивната прва надворешна реалност која ја поставува основата за натамошниот развој во сите аспекти од животот. Дисфункционалноста на семејството, лошите и несоодветни економски услови, присуството на семејно насилство, запоставувањето на децата и незадоволувањето на нивните основни потреби, присуството на психички растројства кај едниот или двата родитела, како и многу други фактори го попречуваат, па дури и го оневозможуваат оптималниот развој на поединецот. Резултат од ова најчесто се (авто)деструктивни однесувања кои неретко водат до судири со законот и имаат сериозни последици по животот и безбедноста и на самиот поединец и на останатите луѓе од неговата непосредна и подалечна средина.

## Дисфункционалност на семејството

Функционалноста на едно семејство претставува процес на интеграција на системски и развојни гледишта и ги спојува социјалните и развојните контексти. Во последно време, сè повеќе се посветува внимание на чувството на благосостојба и поврзаност меѓу членовите на семејството. Семејството се смета за функционално доколку се вклопува во она што е заедничко и очекувано за обичното семејство во даден контекст. Функционалното семејство има голем број алтернативни решенија и стратегии за решавање на некој проблем и е флексибилно со својот модел на однесување во кризни моменти. Неговите членови можат и умеат да најдат рамнотежа меѓу близината и дистанцата и можат на соодветен начин да ги толерираат или да ги елиминираат меѓусебните несогласувања.

Терминот *дисфункционалност* се однесува на семејните модели со кои не се исполнуваат задолжителните семејни задачи, туку доаѓа до разни симптоми и незадоволства. Функционирањето на едно ниво, може да биде дисфункционално за друго ниво (на пр. одржување на нестабилен брак). Доколку во проценката се вклучи и поширокиот социјален систем, може да се утврди дисфункционалноста во однос на семејството, па затоа понекогаш е потребна интервенција не само во семејството, туку и во поширокиот систем, кој пак може да биде извор на таа дисфункционалност. Дисфункционалноста на семејство се забележува во сите или во повеќе области на функционирање. Тоа е дезорганизирано, дезориентирано, со нарушени односи и семејна функционалност, а основните вредности на системот се нескладни (Милошевска, 2017).

Дисфункционалност во семејството може да настане под влијание на повеќе фактори (на пример, ако едниот или двајцата родители злоупотребваат алкохол, дрога или други психотропни супстанции под чие дејство можат да настанат различни проблеми во однесувањето, семејни расправии, малтретирања, автоагресија или пак физички напади). Со тоа се искривува сликата за себе и за другите членови во семејството, доаѓа со несоодветно реагирање во ситуација на стрес и реконструкција на односите со најблиските и со поширокото општествено опкружување. Одговорот од детето кое е сведок на ваков несоодветен начин на функционирање, неретко е агресија, асоцијално и криминално однесување.

Под асоцијално однесување се подразбира секоја реакција (психичка или телесна) што отстапува од стандардното и вообичаено однесување со кое се кршат пишани и непишани правила во училишната, семејната и пошироката социјална средина (Киткањ, 2014). Оние деца и адолесценти кои потекнуваат од дисфункционални семејства, обично се емоционално нестабилни, социјално незрели, импулсивни, депресивни, сугестибилни и воспитно запуштени. Истите тие се вбројуваат во група на деца во ризик, деца жртви на насилство и воспитно и социјално запуштени

деца, кои се наоѓаат во ситуација во која е отежнато или оневозможено остварување на воспитната функција на семејството или децата не се вклучени во системот на воспитание и образование или пак се оддале на питање, скитање или проституција, поради што се или можат да дојдат во судир со законот (Киткањ, 2014).

Семејното насилство е карактеристично за дисфункционалните семејства и за него станува збор при намерно повредување, заплашување или принудување на член или членови во семејството. Тоа може да ги вклучува сите членови на семејството и како сторители и како жртви. За разлика од функционалните, кај дисфункционалните семејства заемното почитување е заменето со насилничко однесување. Проблемите од детството поврзани со изложеност на расправии и конфликти во семејството, спаѓаат во три примарни категории: проблеми во однесувањето, социјални и емоционални проблеми; когнитивни проблеми и проблеми во однесувањето (ниско когнитивно функционирање, насилно однесување, лоша училишна дисциплина); и долготрајни проблеми (депресија, траума). Притоа, колку е помала возраста на детето кое расте во дисфункционално семејство, толку поуништувачко ќе биде влијанието на злоупотребата поради фактот дека изложеноста на насилство може да продолжи низ подолг период пред да биде откриено (Милошевска, 2017).

Најчестата жртва на агресивното однесување на поединецот е неговото семејство. Отпрвин детето е жртва на агресијата на родителот, а подоцна родителот е жртва на агресијата на детето, кое пораснало во возрасен човек. Кога тој млад човек ќе создаде свое семејство во отсуство на позитивен модел на однесување, го продолжува вообичаениот и единствено познат начин на решавање на недоразбирањата, т.е. употребата на сила. Поради тоа, во дисфункционалните семејства расте бројот на лица кои доаѓаат во судир со законот и деца кои покажуваат знаци на престапничко однесување.

Нискиот степен на образование на родителите е, исто така, една од причините за дисфункционалност на семејството. Ваквите родители не можат да ја постигнат рамнотежата на улогите и нивната подготвеност за одржување на трајни односи, како  и со умешноста за правилно воспитување и правилен развој на детето. Сите погоренаведени причинители претставуваат ризик фактори за појава на дисфункционалност во семејството (Димитријоска, 2012). Ниту еден ризик фактор сам по себе не е доволен за да може се предвиди дали едно лице е злоупотребувано или дали тоа станало злоупотребувач, но колку е поголем бројот на ризик факторите, толку е поголема и веројатноста за јавување на семејно насилство, а со тоа и на бројот на дисфункционални семејства.

# Разводот разгледуван од психолошка перспектива

Разводот на родителите, економските услови во семејството, невработеноста на родителите, образовното ниво на родителите, професијата, станбените услови за живеење, интеракцијата на членовите во семејството можат да доведат до дисбаланс на силите во едно функционално семејство. Ако во семејството владее дисхармоничен однос помеѓу родителите, тоа многу силно влијае врз детето. Неслогата, повредувањето, омразата, честите караници имаат негативно влијание врз развојот на детето, што потоа доведува до деструктивно и агресивно однесување во училиште и во поширокота средина.

Кога се зборува за развод, во доменот на развојната психологија се издвојуваат шест негови појавности. Секоја од нив различно ги засега поединците кои поминуваат низ овој процес. При *афективниот развод* престанува љубовта кај едниот или обата партнери, што воедно значи и крај на интимноста и на меѓусебната доверба. Оваа појавност може да предизвика низа негативни реакции - од тага и разочарување до сериозна состојба на реактивна депресија - посебно кај оној сопружник кај кого љубовта кон другиот сеуште не згаснала. Следните две појавности се *правниот развод*, односно *економскиот развод* каде бракот правно се разведува и се дели заеднички стекнатиот имот. Уште една, психички тешка појавност, е *родителскиот аспект на разводот* кој се однесува на поделбата на обврските и одговорностите околу децата. Последните две појавности ги опфаќаат *разводот од поширокота општествена средина* дефиниран како развод од заедничките пријатели, од роднините на дотогашниот сопружник, менување на документите и слично, и *физичкиот развод,* кога секој заминува на своја страна и започнува свој живот – фаза која неретко е исполнета со непријатни чувства на тага, осаменост, страв итн. (според Мурџева-Шкариќ, 2010).

Познато е дека зголемувањето на стапката на разводи е глобален тренд и дека помалку или повеќе ги засега речиси сите општества. Сепак, поважно од бројките и статистиката, се причините поради кои доаѓа до развод и ефектите кои тој ги има врз децата. Меѓу најчесто наведуваните ризик фактори за развод се раното стапување во брак, понискиот степен на образование, ниските месечни примања, бременост или раѓање на дете пред да се стапи во брак, семејна историја на разводи (разведени родители), како и некои црти на личност (пр. несигурност). Од друга страна, како најчести причини за развод се споменуваат недостаток на посветеност, премногу расправии, недостиг на комуникација, неверство, нереални очекувања, финансиски проблеми, семејно насилство, партнерско насилство, злоупотреба на алкохол и наркотици, недостаток на еднаквост, неподготвеност за брак, недостиг на вештини за решавање конфликти и слично.

Во процесот на развод можат да се издвојат три фази – *почеток на разводот, приспособување на разводот и реконструкција на редот на животот*. Во секоја од нив на стрес се изложени не само сопружниците, туку и нивните деца. Првата фаза ја карактеризира донесување одлука за развод што може да се должи на некои од факторите и причините наведени погоре, но и на престанок на заедничкиот развој, на раздвојување на животните патишта поради различни приоритети и интереси, на престанок на љубовта итн. Најчестите емоции поврзани со оваа фаза се гнев, лутина и недоверба, додека реакциите се меѓусебно напаѓање, обвинување, навреди и изолирање. Приспособувањето на разводот е уште една тешка фаза од разводот, со оглед на тоа што е поврзан со практични проблеми кои треба да се решаваат во од и со лични прашања на кои порано можеби и воопшто не се размислувало. Праксата покажува дека првите две години по разводот се најтешки, бидејќи обично (но не секогаш) се јавуваат емоционални потешкотии, се губи идентитетот, се јавува несигурност, чувство на некомпетентност, намалување на самодовербата и друго. Конечно, во третата фаза се воспоставува нов начин на живеење, поединецот е посигурен во себе, има реконструирана визија за иднината и нови поставени цели. Можно е да биде попретпазлив при изборот на новиот партнер, што го прави повеќе практичен, а помалку романтичен (според Мурџева-Шкариќ, 2010).

## Ефекти од разводот врз децата и адолесцентите

Разводот за децата речиси секогаш е стресен настан (освен во ситуации кога конфликтите и расправиите во бракот се премногу чести и бурни, па го засегаат мирот и оптималниот развој на детето). Оттука, често пати тие имаат проблем да се навикнат на новонастанатата состојба па стануваат нервозни, анксиозни, исплашени заради губењето на сигурноста и заминувањето на едниот родител. Сепак, постојат разлики во реакциите и очекувањата на децата, зависно од возраста и развојниот период во кој се наоѓаат. Имено, секое дете бара љубов и внимание од своите родители, задоволување на потребите, заштита, комуникација и низа други нешта кои со разводот на родителите можат да бидат загрозени и нивното реализирање да биде доведено во прашање. Ваквите потреби се, пред сè, дефинирани од степенот на психофизички развој кое детето го има достигнато.

На доенчињата најмногу им требаат целосна нега, топли емоционални врски, сигурност и воспоставување на чувството за самоконтрола. Во предучилишна возраст, приоритетните барања од родителите, меѓу другото, се охрабрување на независноста, стимулирање на когнитивниот развој и развојот на говорот. Училишната возраст, која се карактеризира со напреднат когнитивен развој во споредба со претходните

развојни периоди, наметнува потреба од врамнотежување на сознанијата кои доаѓаат од различни извори (пр. семејство и училиште), од стимулирање на моралниот развој, самодовербата и самопочитта, истрајноста, одговорноста и исполнителноста кога станува збор за училишните обврски. Адолесцентите, пак, од родителите бараат поддршка за осамостојување од нив и од другите авторитети, за формирање на сопствен вредносен систем и за поставување и реализација на академските и професионалните цели. Конечно, младите возрасни се очекува веќе да водат независен живот, така што родителите во овој период се повеќе консултанти и партнери, отколку тутори и несоборливи авторитети, кои ја споделуваат својата животна мудрост и искуство со своите (веќе возрасни) деца (според Мурџева-Шкариќ, 2010).

Имајќи го предвид погоре изнесеното, јасно е дека разводот на родителите ќе има различни ефекти и последици врз развојот на децата, зависно од тоа во кој период од животот децата ќе се соочат со него. Сепак, пред да бидат изложени најчестите ефекти и последици од разводот врз развојот на децата и адолесцентите, неопходно е да се нагласи дека постојат индивидуални разлики во реакциите на децата кои, освен од возраста, зависат и од способноста на родителите конфликтите и проблемите да ги решаваат меѓу себе, држејќи го детето настрана од таквите случувања. Тоа, всушност, подразбира да не го ставаат детето во центарот на конфликтот, манипулирајќи со неговите чувства и потреби и попречувајќи го да ги остварува интеракциите со другиот родител. Имено, истражувањата и праксата покажуваат дека голем број деца воопшто не развиваат негативни симптоми од разводот, односно се *резилиентни*, доколку нивните родители успеат конструктивно да го изменаџираат стресот кој го следи разводот. Тие деца функционираат речиси идентично како децата чии родители се во брак и се однесуваат типично за својата возраст (според Emery, 2016). Тоа што брачните другари треба секогаш примарно да го земат предвид доколку се родители, е добросостојбата на нивните деца и нивниот непречен развој. Ова, секако, не значи по секоја цена да се остане во нефункционален брак кој можеби е погубен по личниот развој и иднината на поединецот, бидејќи на тој начин автоматски станува погубен и за добросостојбата и развојот на децата (пр. при семејно насилство).

Кога конкретно се зборува за ефектите од разводот врз децата и нивниот развој, се мисли на најчестите реакции кои се последица од новонастаната состојба што детето не можело да ја предвиди. Доенчињата и децата на возраст помеѓу 2 и 3 години не разбираат што се случило, но поради нарушениот ред и мир можно е да манифестираат нервоза, анксиозност, несигурност, плашливост, да бидат плачливи, како и да станат многу зависни од родителот со кој останале да живеат. Во предучилишна возраст, кога во когнитивниот развој доминира егоцентризмот, децата неретко мислат дека тие се причината за разделбата

на родителите поради што бараат уште поголемо внимание од претходно. Повозрасните деца (училишна возраст) им се лутат на родителите и се обидуваат да ги „казнат“ со своето лошо однесување, со слабиот училишен успех и слични неприфатливи форми на однесување, кои се разбира, можат да бидат комплетно последица од нарушената семејна динамика и рутина. Овие деца неретко имаат и потешкотии во односите со врсниците. Може да живеат во надеж дека родителите сепак повторно ќе живеат заедно (според Мурџева-Шкариќ, 2010).

Според О’Конел-Коркоран (O’Connell-Corcoran, 1996), психолошките реакции на децата на разводот зависат од три фактори: а) квалитетот на врската со мајката и со таткото пред да се случи разводот, 2) интензитетот и траењето на конфликтите помеѓу родителите, и 3) способноста на родителите да се насочат кон потребите на детето за време на разводот. Децата кои полесно и поуспешно се адаптираат на новата состојба во семејството, се најчесто оние чии родители конструктивно комуницираат и по разводот и ги споделуваат родителските обврски. Всушност, она што го потврдуваат мета-анализите на претходно објавени истражувања на оваа тема, е дека прв и најризичен фактор кој доведува до појава на депресивност и проблеми во однесувањето кај децата не е самиот развод, туку конфликтите кои му претходеле. Праксата и истражувањата покажуваат дека нема разлики меѓу половите во однос на интензитетот на негативните емоции кои децата ги искусуваат за време и по разводот на родителите. Разлики се манифестираат во начинот на кој момчињата и девојчињата се справуваат со негативните емоции. Така, момчињата повеќе екстернализираат, а девојчињата повеќе интернализираат. Поточно, за првите е покарактеристично отворено покажување на гнев, револт и лутина, поради што е можно почесто да влегуваат во конфликти во училиште и со родителите. Девојчињата, пак, може почесто да манифестираат депресивни симптоми и психосоматски реакции (пр. главоболки, болки во стомак, мачнини, вртоглавици итн.), како и проблеми во исхраната и спиењето.

Од сите возрасни периоди адолесцентите би требало најдобро да ја разберат потребата и причините за развод, поради напреднатиот когнитивен развој. Ова посебно важи за оние семејства каде на разводот му претходеле многу конфликти и расправии, па разделбата доаѓа како олеснување за сите. Тогаш, адолесцентите најчесто повеќе време поминуваат со врсниците во кои наоѓаат поддршка и/или се посветуваат на различни хобија, спортови итн. Сепак, во адолесценцијата може да се јават и најнепријатните реакции, кои можат да достигнат сериозност до степен на различни форми на проблематични однесувања на адолесцентите (според Мурџева-Шкариќ, 2010). Во таа смисла, тие можат да се чувствуваат предадени од нивните родители, поради што е можно да покажуваат недоверба при воспоставувањето на нови релации. Почнуваат да се однесуваат понезависно, бидејќи сметаат дека нивните родители се

ставаат себе си на прво место и затоа сега тие мораат самите да се грижат за себе и за своите потреби. Кај момчињата ова може да резултира во нагласено бунтовничко и агресивно однесување, а кај адолесцентките почесто се јавувааат анксиозноста или повлекувањето од социјалните интеракции.

Според Лауман-Билингс и Емери (Laumann-Billings & Emery, 2000), студентите кои биле целна група во истражувањето, а чии родители се развеле пред најмалку 3 години, соопштуваат негативни чувства кога ќе помислат на разводот и на родителите. Сепак, авторите нагласуваат дека и покрај добиените резултати, станува збор за резилиентни поединци кои добро функционираат во интеракциите со другите. Оттука, тие нагласуваат дека родителите, колку и да сакаат не можат потполно да ги заштитат своите деца од негативните емоции кои го следат разводот. Но, она што секако можат и мораат да го направат, е да им овозможат да ги изживеат тие емоции и да создадат услови за стимулирање на резилиентноста и на нивниот натамошен развој.

## Како до успешно адаптирање на децата по разводот?

Децата кои остануваат да живеат во еднородителско семејство по разводот, треба да „пораснат“ пред своите врсници. Ова е така, од причина што новата семејна реалност бара од нив да станат поодговорни и посамостојни, односно да воспостават нов ред и нови навики. Успешноста на овој процес во голем степен зависи од меѓусебниот однос на родителите по разводот и од односот на секој од нив кон детето. Разбирливо е дека мајката и таткото се незаменливи во животот на секое дете. Затоа не треба да се инсистира на тоа некој друг да го заземе нивното место и од детето да се бара, едноставно, да го заборави родителот кој веќе не живее со него. Напротив, како што е нагласено и погоре, успешноста во адаптирањето на новите околности зависи од одржувањето на квалитетна и континуирана интеракција меѓу детето и неговите родители (посебно со родителот кој заминува). Тоа долгорочно ќе му овозможи на детето да ги надмине стресот и стравовите кои би можело да ги манифестира во идните врски и односи и би му обезбедило побалансирана иднина во интеракциите со другите, пред сѐ со врсниците и со романтичните партнери. Со оглед на тоа што децата најчесто остануваат да живеат со мајката која го добива старателството, за успешното адаптирање на детето од голема важност е вклученоста на таткото во неговиот живот.

Познато е дека децата учат по пат на имитација и идентификација од лицата кои се авторитет во нивните очи, а тоа стануваат родителите веднаш по нивното раѓање. Оттука, за квалитетот на врските со другите учат од квалитетот на односот меѓу родителите, бидејќи тие се најважниот модел на идентификација. Тоа значи дека, доколку гледаат конфликтно

однесување манифестирано преку физичко и вербално насилство, психолошко малтертирање (кое е посуптилно и поради тоа потешко видливо) и слично, ќе усвојат насилни модели на однесување. Со други зборови, ќе усвојат модел на однесување на агресор и/или на жртва, сметајќи дека штом родителите така се однесуваат еден кон друг и тоа трае долго време, а никој не прави обид тоа да се измени или да престане, тогаш значи дека така треба и тие да се однесуваат. Во такви околности децата страдаат многу повеќе отколку што страдат по разводот, а последиците по нивниот развој се многу подеструктивни и потрајни. Оттука, одржувањето на коректни односи помеѓу родителите под вакви околности за време и по разводот претставува вистински предизвик и бара голема умешност, но е основен предуслов за успешното адаптирање на детето на новите услови во семејството. Токму тоа треба да биде најсилниот мотив за родителите - да се обидат да направат сè што е во нивна можност за да му ја дадат шансата на своето дете сепак да води смирен и хармоничен живот и непречено да се развива.

Претходно кажаното повторно го актуелизира прашањето за вклученоста на родителот кој заминува од дома, во животот и во дневните рутини на детето. Како што е веќе нагласено, тоа е најчесто таткото. Поради тоа, ставот на мајката кон контактите на детето со таткото е од исклучителна важност. Таа не треба да го попречува гледањето и интеракцијата. Уште поважно, обата родитела, во ниту еден случај не би смееле да ја „јакнат" сопствената позиција кај детето демонизирајќи го другиот родител и намалувајќи ја важноста на неговата вклученост во животот на детето. Тоа е манипулација со личноста и со чувствата на детето, бидејќи тоа подеднакво ги сака обата родитела. Оттука, крајно нехуман чин би било детето да биде доведено во ситуација да одбира кој родител го сака повеќе.

Постојат најразлични начини на кои таткото може да го одржува контактот со детето и да биде вклучен во неговиот живот. Тоа значи дека дел од обврските и од грижата треба да ги преземе тој во заеднички договор со мајката (пр. носење на спортски активности, на курс по странски јазик, совладување на одреден материјал за училиште и слично). Воедно, пожелно е двајцата родители да присуствуваат на настани кои му се важни на детето (пр. роденденска забава, училишна претстава, спортски натпревар итн.). Ова, затоа што поддршката што ќе ја добие од двата родители, во миговите на среќа и успеси, а уште повеќе во миговите кога треба да се справи со одреден неуспех или тага, е клучна за неговиот оптимален развој. Истото важи и за адолесцентите, со тоа што поради развојните карактеристики на возрасниот период во кој тие се наоѓаат, родителите би требале повеќе внимание да посветат на поттикнување на независноста и самодовербата, како и на поддршката за успешно справување со академските и професионални предизвици кои следуваат во натамошниот развој.

Литература:


Bandura, A. (1991). Social Cognitive Theory of Moral Thought and Action. Во: Kurtines, W. M., & Gewirtz, J. L. (Eds.). Handbook of Moral Behavior and Development. Vol. 1. Theory. New Jersey. Lawrence and Erlbaum Associate Publishers

Димитријоска, С. (2012). Социјална работа со малолетни стирители на кривични дела. Скопје: Филозофски факултет

Emery, R. E. (2016). How Divorce Affects Children (преземено на 20.10.2017: http://emeryondivorce.com/how_divorce_affects_children.php)

Гиденс, Е. (2002). Третиот пат. Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество

Гиденс, Е. (2003). Забеган свет. Скопје: Филозофски факултет

Kaprara, Đ.V. i Ćervone, D. (2003). Ličnost. Beograd: Dereta

Karraker, M.W. (2008). Global Families. Boston: Person Education, Inc.

Киткањ, З. (2014). Престапничко однесување кај малолетни лица. Скопје: Бомат Графикс

Laumann-Billings, L. &. Emery, R.E. (2000). Distress among young adults from divorced families. Journal of Family Psychology, 14, 671-687.

Милошевска, С. (2017). Проценка на стилови на родителство и начин на справување со стрес кај родители од функционални и од дисфункционални семејства. Необјавен магистерски труд. Скопје: Филозофски факултет

Мурџева-Шкариќ, О. (2010). Психологија на возрасните и на стареењето. Скопје: Филозофски факултет

O'Connell Corcoran, K. (1996). Psychological and Emotional Aspects of Divorce (преземено на 20.10.2016: http://www.mediate.com/articles/psych.cfm)

Шурбановска, О. (2009). Семејството и врсниците како фактори на социјалното однесување на детето во училишната средина. Необјавен докторски труд. Скопје: Филозофски факултет